ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-8269/22
Дата, Data 18-12-2020
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.5/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, директорот на претпријатието донесе

## О Д Л У К А
### за неवршење избор на кандидат на давател на јавни услуги по јавен оглас бр.5/2020 за работно место Управувач на градежни машини (средни и тешки)

Член 1

По објавениот јавен оглас за вработување на даватели на јавни услуги бр.5/2020 објавен на ден 21.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, како и на веб страната на ЈП Водовод и канализација – Скопје за работно место КДР0305Б03019 Управувач на градежни машини (средни и тешки) во Оддел за експлоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возен парк во Сектор Механизација, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.

Член 2

Одлуката да се достави до кандидатите кои поднеле пријава по јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и на огласната табла на претпријатието.

Член 3

За спроведување на оваа одлука се задолжува Сектор Човечки ресурси.

Член 4

Одлуката влегува во сила по конечноста на истата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЈП Водовод и канализација – Скопје на ден 21.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ и „Слободен печат“, како и на веб страната на претпријатието објави јавен оглас за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 за работно место КДР0305Б03019 Управувач на градежни машини (средни и тешки) во Оддел за експлоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возен парк во Сектор Механизација.

Врз основа на објавениот оглас бр.5/2020 за потреба од вработување даватели на јавни услуги, комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение арх.бр.0401-8269/9 од 06.11.2020 година на ден 18.11.2020 година изврши административна селекција на пристигнатите пријави.

Комисијата со записник од спроведената административна селекција на кадидати по јавниот оглас бр.5/2020 за вработување на даватели на јавни услуги заведен под арх.бр.0401-8269/13 од 18.11.2020 година, констатира дека:

- Пријавата за вработување бр.0401-8269/4 од 28.10.2020 година доставена од кандидатот Благојче Мирчевски е неуредна поради тоа што за работното место КДР0305Б03019 Управувач на градежни машини (средни и тешки) во Оддел за експоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возен парк во Сектор Механизација со Јавниот оглас е предвидено дека кон пријавата кандидатите треба да достават диплома за завршено образование (заверена на нотар) но кандидатот истата ја има доставено во фотокопија, а доставената диплома е несоодветна поради тоа што се однесува за ракувач на лесни градежни машини во нискоградба. Исто така кандидатот кон пријавата нема доставено доказ за работното искуство во струката и возачка дозвола со положена категорија Б, што децидно е наведено во јавниот оглас.
- Пријавата за вработување бр.0401-8269/6 од 30.10.2020 година доставена од кандидатот Ајет Беким е неуредна поради тоа што за работното место КДР0305Б03019 Управувач на градежни машини (средни и тешки) во Оддел за експоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возен парк во Сектор Механизација со Јавниот оглас е предвидено дека кон пријавата кандидатите треба да достават доказ за работно искуство, но кандидатот има доставено потврда од НОРД-ИНГ Скопје која не преставува соодветен доказ за потребното работно искуство.

Од тие причини комисијата одлучи Пријавите за вработување бр.0401-8269/4 од 28.10.2020 година доставена од кандидатот Благојче Мирчевски и бр.0401-8269/6 од 30.10.2020 година доставена од кандидатот Ајет Беким да ги елиминира од понатамошната постапка за селекција (Фаза 2).

Комисијата констатира дека по јавниот оглас бр.5/2020 за вработување на давател на јавна услуга за работно место КДР0305Б03019 Управувач на градежни машини (средни и тешки) во Оддел за експлоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возен парк во Сектор Механизација Уредни се 4 (четири) кандидати и истите ги повика да продолжат во следната фаза на селекција (интервју).

По спроведената втора фаза од постапката Интервју во врска со Јавниот оглас бр.5/2020 објавен на ден 21.10.2020 година во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен Печат за работното место под реден број 2. КДР0305Б03019 Управувач на градежни машини (средни и тешки) во Оддел за експлоатација на специјални возила и градежни машини во Одделение за експлоатација на возен парк во Сектор Механизација (2 извршители), комисијата констатира дека ниту еден од кандидатите не го помина успешно делот за практична проверка на знаењата и вештините за управување со градежна машина односно втората фаза на селекција - Интервју.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на
жалба до Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација Скопје,
во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор Човечки ресурси
- Директор на претпријатие
- Огласна табла
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски